# „Најдобрите сафови за мажите се првите, а најлошите последните. Додека за жените, најдобрите сафови се последните, а најлошите првите.“

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Најдобрите сафови за мажите се првите, а најлошите последните. Додека за жените, најдобрите сафови се последните, а најлошите првите.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот веровесник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека најдобрите сафови за мажите во намазот, со најголема награда и вредност, се првите, бидејќи тие се најблиску до имамот, го слушаат неговото рецитирање и се најоддалечени од жените. Додека најлошите сафови за мажите, со најмала награда и вредност, се последните, бидејќи тие се најоддалечени од имамот и најмалку ја постигнуваат целта на шеријатот. Кај жените, најдобрите сафови се последните, бидејќи така се поскриени, подалеку од мажите и помалку изложени на мешање и фитна. Најлошите сафови за нив се првите, бидејќи се поблиску до мажите и се повеќе изложени на фитна.

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/11299